UNIVERSITETI I EJL
ЈИЕ УНИВЕРЗИТЕТ
SEE UNIVERSITY

# П Р А В Е Н
# Ф А К У Л Т Е Т

## СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

**(Master of Arts)**

**НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА:**

# СТУДИИ ПО ГРАЃАНСКО ПРАВО

## В О В Е Д

**Правен факултет**

| | |
|---|---|
| 1. Институција/Орган за давање титула | ЈИЕ Универзитет |
| 2. Наставна институција | ЈИЕ Универзитет |
| 3. Место на изведување настава | Кампус на ЈИЕУ (Тетово) |
| 4. Програма акредитирана од: | Борд за акредитација |
| 5. Финален научен степен | М.А. |
| 6. Програма | Студии по граѓанско право |
| 7. Датум на изработка/ревизија | Септември 2007 |
| 8. Група на студенти | Генерација од академската 2008/2009 година |

**9. Наставни цели на програмата**

- По завршувањето на програмата студентите ќе стекнат знаења и разбирање за сите сфери на Граѓанското право како што се: граѓанското материјално право, стварното право, граѓанската постапка, облигационото право, семејното и наследното право, Европското приватно право, правото на индустриска сопственост, трговското право, фискалното право и сл, како и за суштинските правила релевантни за клучните области на граѓанското право, теоретските перспективи и академските дебати кои суштински ги потенцираат правните области, клучните аспекти, политичките проблеми и начелата поврзани со функционирањето на институциите на власта поврзани со приватното право.
- Студентот ќе се оспособи:
- успешно да ги примени знаењата стекнати за Граѓанско-правната област во многуте ситуации каде што се разгледуваат релевантните практични или теоретски проблеми.
- да ги оценува проблемите со оглед на нивниот контекст, релевантност и значење и да ги поврзува релевантните информации и клучните извори понудени преку електронските или другите средства.
- да ги оценува проблемите и да наоѓа решенија поврзани со нивото на имплементација на граѓанското право во државата, да ги формулира аргументите за главните проблеми и контраверзните области и да презентира рационално размислување засновано врз релевантните научни материјали.
- да ги препознае потенцијалните алтернативни аргументи и спротиставени докази по своe сопствено мислење и да ги презентира.
- да демонстрира слободоумност и способност да понуди критички предизвик по стекнатото знаење за поединечните проблеми.
- да даде конструктивен одраз на научниот прогрес.

**10. Резултати од наставата**

Вториот циклус на програмата по Граѓанско право ќе понуди солидни знаења и систематско разбирање за институционалните структури, клучните правни начела и одредени контексти на граѓанското право.

| Стекнати знаења | Предавања/настава, методи и стратегии на оценување што се употребуваат за постигнување и презентирање на резултатите |
|---|---|
| **А. Стекнати знаења и согледувања:**<br><br>1. Програмата ги поттикнува студентите да даваат оригинални и напредни коментари кои ги задоволуваат високите научни стандарди и им помага на студентите во развитокот на критичките, аналитичките и истражувачките вештини што можат да се применат на многу полиња.<br><br>2. Програмата е структуирана со цел за развивање на вештините во областа на правните академски истражувања, особено преку писмена презентација на аргументите во дух кој ги интегрира релевантните академски правила и да им помогне на оние студенти кои размислуваат за продолжување на своето академско истражување на повисоко ниво во стекнувањето добра основа во однос на неопходните техники и истражувачките методи кои се дел од специјализираните предмети.<br><br>3. Оваа програма ќе им овозможи вредни последипломски квалификации на оние студенти кои имаат намера да заземат водечка улога во процесот на реформи во судството, изготвување на закони и давање услуги на граѓаните во областа на граѓанското и стварното право. | **Предавања/настава**<br><br>Предавањата се следат низ тричасовни семинари што ќе се одржуваат секоја втора недела. На почетокот од предавањето предавачот ќе го изложи општиот контекст на предметот и експозето на клучните проблеми и ќе ги посочи областите за кои ќе се дискутира во иднина. Овој вовед што ќе го најдат студентите во препорачаната литература има за цел да ги фокусира семинарите на деталwни дискусии за одредени теми, обично базирани врз презентации и есеи од страна на студентите и воведување дискусии за критичките проблеми. Презентациите бараат од студентите тие да формираат сопствени гледишта за односната област и да развијат дискусија со предавачот и колегите.<br><br>**Оценување**<br>Оценувањето на знаењата стекнати од предметите е комбинација од писмените испитувања (колоквиум и краен испит), есеите составени од 4.000 до 5.000 зборови, кои мора да бидат доставени за секој предмет кој е следен, колоквиумот и крајниот испит. Подоцнежниот дел од програмата бара од студентите да истражуваат, da пишуваат и da предадат дисертација составена од 15.000 до 20.000 зборови, по претходно договорена тема од граѓанско-правната област, а под супервизија на член на академскиот кадар со искуство во односната област. |

| **Б. Вештини и други карактеристики**<br>**Способности за пренесување на интелектуалните вештини.**<br><br>**По успешното завршување на програмата студентите можат:** | *Предавања/Настава* |
|---|---|
| 1. Да стекнуваат вештини за справување со правните проблеми поврзани со имотни спорови, семејноправни односи, наследноправни односи, и сл. и dа развиваат критичка свест за функционирањето на институциите на приватното право.<br>2. Да развиваат критичка свест за функционирањето на институциите на приватното право.<br>3. Да ја продолжат својата кариера во обласа на граѓанското право на академско ниво, како и на практично ниво | Наброените интелектуални вештини се развиваат пред сѐ преку подготовка и учество на семинари, а помалку преку формални лекции. Ова овозможува различните политики и интерпретации на правото да бидат критички проучени, а алтернативните позиции да бидат компаративно проценети. Презентацијата на семинарите може целно да биде насочена кон оние области кои дозволуваат поголем простор за дискусија и дебата и за кои постои соодветен интерес. Во продолжение предметната проценка ги дозволува и ги поттикнува напредните дискусии и презентацијата на ваквите дискусии кои се во согласност со правилата на академското изразување. |

| **Ц. Примена на спец. вештини:** | ***Предавања/Настава*** |
|---|---|
| **Апликација и решавање на правните случаи**<br>По успешно завршување на програмата, студентите ќе можат:<br><br>а) Со истражувањето и со подготвувањето на дисертација да ги развиваат истражувачките вештини. Надгледувањето при подготовката на оваа дисертација им дозволува на студентите и индивидуални прогресивни размислувања.<br><br>б). Да развијат повисок степен на софистицираност преку нивните дисертации воедно овозможува различните вештини на студентот да дојдат до израз заедно во папишаниот магистерски труд.<br><br>в) Да ги идентификуваат случаите врз основа на поранешните правни искуства.<br><br>г) Да имаат причинско мислење и добра информираност за можните законски дејствија кои потекнуваат од ова мислење, како и од можностите на успехот. | ***Способноста за решавање на правните проблеми главно се развива преку подготвување и учество па часовите на оваа програма и незадолжително учество во контестираната програма како и работа на горенаведената програмаа на студии на случаи .***<br><br>По семинарите водени на англиски јазик од страна на меѓународниот кадар студентите одблиску се запознаваат со наставните и правните методи одобрени во западноевропските и во змериканските универзитети.<br><br>**Оценување**<br>Прашањето околу конкретниот предмет во писмениот испит и во проценката (оценување) на предметот опфаќајќи и тестови по часови и контестирана вредносна перформанса. |

| **Извори, истражувања и оценување** | ***Предавања / Настава*** |
| --- | --- |
| **По успешното завршување на програмата, студентите ќе можат:**<br><br>а) Да ја продолжат својата кариера во областа по граѓанското право на академско ниво како и на практично ниво.<br><br>б) Да ги идентификуваат правните и други сродни прашања што треба да се истражуваат.<br><br>в) Да ги употребуваат на ефикасен начин примарните и секундарните извори.<br><br>г) Да извршат независно правно истражување, користејќи и редица извори.<br><br>д) Да ја вреднуваат на критичен начин областа на граѓанското право, како од аспект на доктрината, така и од општествен аспект.<br><br>е) Да развиваат повисок степен на научна софистицираност преку нивните тези, а ова воедно, овозможува различните вештини на студентот да дојдат до израз во напишаниот магистерски труд. | **Оценување**<br><br>Оценување на предметот и на дисертациите. |

| **Д. Главни вештини:** | |
|---|---|
| **Комуникација и писменост.**<br><br>По успешно завршување на програмата, студентите се оспособуваат:<br><br>а) Да се здобиваат со вредни комуникациски вештини, особено оние кои се заинтересирани за вработување по завршувањето на последипломските студии во областа на правосудството и адвокатурата.<br><br>б) Да го користат усно/писмено македонскиот, албанскиот и англискиот јазик поврзано со прашањата околу областа на граѓанскоto право.<br><br>в) Да се ангажираат на ефикасен и на конструктивен начин во доказите и дискусиите на комплексните прашања на македонски, албански и англиски јазик.<br><br>г) Да даваат јасна и кохерентна презентација за некоја тема или задача, употребувајќи најразновидни материјали.<br><br>д) Да читаат комплексни материјали кои се, или не се, поврзани со областа на граѓанското право. | **Предавања/Настава**<br><br>Семинарски трудови, презентации на часови, дискусии.<br>Подготвувања, пишувања и рефлексии од проценката на пишаниот предмет опфаќајќи и дисертации.<br><br>**Оценување**<br>Оценување на пишаниот предмет, презентации на проценетите часови и како е реализирана проценетаta практична работа. Писмени и усни испити. |

**11. Структура на студиската програма, услови за студирање, нивоа, модули, кредити и признанија**

Последипломските студии од областа на граѓанското право ќе траат две (2) академски години, односно три (3) семестри составени од по пет (5) предмети и еден (1) семестар за магистерската теза. Предметите во семестрите се задолжителни, додека другите се изборни. Секој ислушан предмет, кој е и успешно положен, на студентот ќе му носи шест (6) кредити, додека магистерската теза ќе му носи триесет (30) кредити. Ова значи дека за успешно завршување на последипломските студии se потребни сто и дваесет (120) кредити. Секој предмет треба да се заврши исполнувајќи ги барањата поставени во силабусот на предметот.

# СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПОСЛЕДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ПО ГРАЃАНСКО ПРАВО

| *Семестар 1* | *Кредити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Методологија на правото | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Граѓанско право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Стварно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| *Семестар 2* | *Кредити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Облигационо право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Семејно право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Европско приватно право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Наследно право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| *Семестар 3* | *Кредити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Меѓународно приватно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Граѓанско процесно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Трговско право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Фискално право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| *Семестар 4* | *Креити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пишување на тезата | 30 | Л | | | 900 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

**Изборни предмети:**

- Меѓународни арбитражи
- Стечајно право
- Право за индустриската сопственост
- Споредбено право

## ОПИС НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ

## СЕМЕСТАР 1

### Методологија на правото

Предметот Методологија на правото ги проучува методите на спознавање на правото и нивните видови, како и методите на создавање, толкување и применување на правото, што се неопходно потребни за истражувачкиот процес во сите правни области и во сите степени на академското образование.

### Граѓанско право

Предметот Граѓанско право најпрвин ја проучува основата на Граѓанското право, а потоа ги проучува и ги анализира граѓанско-правните институти предвидени во правниот систем на Р. Македонија. Тоа го следи развитокот на овие институти во нашето право и нивните современи промени, укажувајки на важноста на овие институти како основа за секоја правна практика.

### Стварно право

Овој предмет ги анализира стварно-правните институти што се применуваат во нашето право. Притоа детално се обработува Законот за сопственост и други стварни права. Предметот посебно се задржува на институтите хипотека, залог, службености и сл, поставувајќи правна основа за понатамошна практична работа на студентите во оваа област.

## СЕМЕСТАР 2

### Облигационо право

Предметот Облигационо право ги опфака договорното право и граѓанско-правните деликти. Ги анализира основните начела на договорното право и притоа подетално ги проучува договорите што се во правниот промет на Р. Македонија, утврдувајки ги нивните карактеристики, услови за склучување и за раскинување и сл. Граѓанско-правните деликти се детално опишани со сите свои институти како што се штетата, стекнувањето без основа, работоводството без налог итн.

### Семејно право

Предметот Семејно право ги проучува семејно-правните односи, брачното право и родителското право. По краткиот историски осврт за видовите семејства низ историјата, предметот се фокусира на современи теми, односно на состојбата во Р. Македонија во однос на овие односи. Тоа е посебна гранка на правото која детаqно

проучува која е правната рамка за склучување брак, за развод на брак, за стекнување и губење на родителско право, за старателството и сл.

**Европско приватно право**

Предметот Европско приватно право ги проучува и анализира правните документи на Европската унија со кои се уредуваат областите на приватното право. Предметот ги проучува основните институти на европското приватно право и динамиката на неговиот развиток.

**Наследно право**

Предметот Наследно право ги опфаќа наследно-правните односи што настануваат меѓу оставителот и неговите наследници. Овој предмет ги опишува правните правила кои ги уредуваат овие односи.

## СЕМЕСТАР 3

**Меѓународно приватно право**

Меѓународното приватно право како правна гранка на позитивниот правен систем на определена држава ги регулира приватно-правните односи со туѓ (странски) елемент и ги предвидува начините за нивното регулирање. Потоа, националните и меѓународните извори за регулирање на овие односи, како и хиерархијата на изворите од аспект на приоритетот на нивното применување за регулирање на односите што преку субјектот или објектот или правата и обврските се поврзани и со суверенитетот на странските држави. Исто така, овој предмет дава содржајни знаења за целините што ја оформуваат оваа гранка на правото, односно целината за цивилните права на странските државјани да можат на територијата на домашната држава да засноваат приватно-правни односи со странски елемент; целината за цивилните права на домашните државјани да можат да засноваат граѓанско-правен однос со странски елемент, целината за колизијата на јурисдикциите, како и целината за колизијата на законите.

**Граѓанско процесно право**

Граѓанското процесно право ги проучува правилата кои ја уредуваат постапката меѓу граѓаните во спорови од стварно-правни и облигационо-правни односи, ја уредува примената на правните лекови и сл. Предметот ги опфаќа: процесната постапка, вонпроцесната постапка и извршната постапка.

**Трговско право**

Предметот Трговско право ги проучува трговско правните односи кои настануваат меѓу трговските субјекти: трговец-поединец и трговските друштва. Исто

така трговското право ги проучува и односите кои настануваат во моментот кога се издаваат хартиите од вредност до моментот на нивното извршување. Во предметот на трговското право се проучуваат и трговските договори, како и правата од индустриската сопственост.

### Фискално право

Предметот Фискално право го проучува фискалното право како посебна гранка на правниот систем. Тоа ги проучува фискално-правните односи како јавно-правни односи, поради тоа што од една страна како субјект секогаш се јавува државата, односно државните органи, додека од друга страна како субјекти се јавуваат физичките и правните лица во својство на даночен обврзник, царински обврзник и др.

## ОПИС НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

### Меѓународни арбитражи

Предметов ги анализира проблемите во меѓународната трговија и економските односи со меѓународен карактер и нивното решавање на меѓународно ниво преку мегународните арбитражни судови.

### Стечајно право

Овој предмет го проучува стечајното право во Р. Македонија, притоа анализирајќи ги постојните ситуации во државата во врска со стечајот и неговата реализација преку судските органи.

### Право за индустриската сопственост

Правото за индустрискаtа сопственост ги проучува прваните правила кои важат во областа на патентите и индустриската сопственост, анализирајќи ги развојните текови на оваа гранка на правото која е во pазbitok.

### Споредбено право

Предметот Споредбено право почнува со историска анализа на компаративното право како наука, а продолжува со современата негова дефиниција и апликација, за на крај да го претстави македонскиот правен систем како дел од глобалните правни системи и семејства, како што се континенталното, англосаксонското, и други правни системи како и религиозните и мешаните правни системи. Оваа анализа се прави врз основа на приватното право и граганските законици. Исто така, предметот ги потенцира различните извори на правото во различните правни системи и нивните институции, правејќи разлика меѓу правните професии од различните правни системи.